# Службен гласник
## на Општина Струмица


| Број 5 | понеделник, 26 мај 2025 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

### Градоначалник на Општина Струмица:


**Рег.бр.** **Стр.**

**136.Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 51-та седница на Советот на општина Струмица ....................................................................................................................**2**


### Совет на Општина Струмица:


**Рег.бр** **Стр.**

**137.Одлука** за дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица........................**0**

**138.Одлука** за доделување парична помош на Томе Танчев од с.Дабиље....................................**0**

**139.Одлука** за доделување парична помош на Тунџет Демов од Струмица..................................**0**

**140.Одлука** за доделување парична помош на Верица Ѓеоргиева од Струмица............................**0**

**141.Одлука** за доделување парична помош на Ѓулфидан Адиљова од Струмица.........................**0**

**142.Одлука** за донесување на Урбанистички план за село Муртино, Општина Струмица (Плански период 2020-2030 година).....................**0**

**143.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 505 во КО Просениково вон гр........**0**

**144.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1376 во КО Градско Балдовци...**0**

**145.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.6234 и КП бр.7930, ......................**0**

**146.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.450/3 КО Добрејци ВОН ГР.......**0**

**147.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.1276 КО Добрејци ВОН ГР........**0**

**148.Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година....................................................................**0**

**149.Програма** за активностите на општина Струмица за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2025 година.........................................................**0**

**150.Програма** за енергетска ефикасност на општина Струмица за периодот 2025-2027 година....................................................................0

**151.Решение** за верификација на мандат на член на Советот на Општина Струмица”...........**0**

**152. Решение** за разрешување и именување на вршители на должност членови на Управниот

одбор на ЈП „Паркиралишта – Струмица“ Струмица..............................................................**0**
**153. Решение** за разрешување и именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈП „Паркиралишта – Струмица“ Струмица...............**0**
**154. Решение** за предлагање член во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица.................................................**..0**
**155. Заклучок** за давање согласност на Извештај за работата на ЈП „Паркиралишта Струмица“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.....................................................................**0**
**156.Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПЕД „Струмица - гас“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година..................................................**0**
**157.Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПКД „Комуналец“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.....................................................................**0**
**158.Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година................................................**0**
**159.Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работата на ЈСП „СТРУМИЦА - ТРАНСПОРТ“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година..........................**0**
**160.Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година...................................................................**0**
**161.Заклучок** за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООУ „Герас Цунев“ Просениково........**0**
**162.Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за прв квартал од 2025 година...........**0**

**...........................................................................**

## 136.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ 202/24) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 51-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 51-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 23.05.2025 година и тоа:

1.Одлука за дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица, бр.08-3754/1 од 26.05.2025 година;
2. Одлука за доделување парична помош на Томе Танчев од с.Дабиље, бр.08-3755/1 од 26.05.2025 година;
3. Одлука за доделување парична помош на Тунџет Демов од Струмица, бр.08-3756/1 од 26.05.2025 година;
4. Одлука за доделување парична помош на Верица Ѓеоргиева од Струмица, бр.08-3757/1 од 26.05.2025 година;
5. Одлука за доделување парична помош на Ѓулфидан Адиљова од Струмица, бр.08-3758/1 од 26.05.2025 година;
6.Одлука за донесување на Урбанистички план за село Муртино, Општина Струмица (Плански период 2020-2030 година), бр.08-3759/1 од 26.05.2025 година;
7.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 505 во КО Просениково вон гр, бр.08-3760/1 од 26.05.2025 година;
8.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1376 во КО Градско Балдовци, бр.08-3761/1 од 26.05.2025 година;
9.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.6234 и КП бр.7930, бр.08-3762/1 од 26.05.2025 година;
10.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.450/3 КО Добрејци ВОН ГР, бр.08-3763/1 од 26.05.2025 година;
11.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.1276 КО Добрејци ВОН ГР, бр.08-3764/1 од 26.05.2025 година;
12.Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година, бр.08-3765/1 од 26.05.2025 година;
13.Програма за активностите на општина Струмица за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2025 година, бр.08-3766/1 од 26.05.2025 година;

14.Програма за енергетска ефикасност на општина Струмица за периодот 2025-2027 година, бр.08-3767/1 од 26.05.2025 година;
15.Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Струмица, бр.08-3768/1 од 26.05.2025 година;
16.Решение за разрешување и именување на вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта – Струмица“ Струмица, бр.08-3769/1 од 26.05.2025 година;
17.Решение за разрешување и именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈП „Паркиралишта – Струмица“ Струмица, бр.08-3770/1 од 26.05.2025 година;
18.Решение за предлагање член во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, бр.08-3771/1 од 26.05.2025 година;
19.Заклучок за давање согласност на Извештај за работата на ЈП „Паркиралишта Струмица“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр.08-3772/1 од 26.05.2025 година;
20.Заклучок за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПЕД „Струмица - гас“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр.08-3773/1 од 26.05.2025 година;
21.Заклучок за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПКД „Комуналец“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр.08-3774/1 од 26.05.2025 година;
22.Заклучок за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр.08-3775/1 од 26.05.2025 година;
23.Заклучок за давање согласност на Извештајот за работата на ЈСП „СТРУМИЦА - ТРАНСПОРТ“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр.08-3776/1 од 26.05.2025 година;
24.Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година, бр.08-3777/1 од 26.05.2025 година;
25.Заклучок за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООУ „Герас Цунев“ Просениково, бр.08-3778/1 од 26.05.2025 година;
26.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за прв квартал од 2025 година, бр.08-3779/1 од 26.05.2025 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-3780/2 Општина Струмица
26.05.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

..................................

.............................................................................

**137.**

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) и член 20 став 1 точка 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

## Одлука
## за дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица

### Член 1

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица (Сл. Гласник на Општина Струмица бр. 13/24 и 4/25 ) се вршат следните дополнувања:

Во глава II. Единствена мрежа на линии, во член 2 по табелата со линии се додаваат следните табели со кои се регулирани возните редови:

### ЛИНИЈА БРОЈ 13

| ЛИНИЈА БР.13 | ВРЕМЕ НА ПОАЃАЊЕ (ЧАС) | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СТРУМИЦА | 5,00 | 5,30 | 6,00 | 6,30 | 7,00 | 7,30 | 8,00 | 8,30 | 9,00 | 9,30 | 10,30 | 11,00 | 11,30 | 12,00 | 12,30 |
| ГАБРОВО | 5,30 | 6,00 | 6,30 | 7,00 | 7,30 | 8,00 | 8,30 | 9,00 | 9,30 | 10,00 | 11,00 | 11,30 | 12,00 | 12,30 | 13,00 |
| | ВРЕМЕ НА ПОАЃАЊЕ (ЧАС) | | | | | | | | | | | | | | |
| | 13,00 | 13,30 | 14,00 | 14,30 | 15,00 | 15,30 | 16,30 | 17,00 | 17,30 | 18,00 | 18,30 | 19,00 | 19,30 | | |
| | 13,30 | 14,00 | 14,30 | 15,00 | 15,30 | 16,00 | 17,00 | 17,30 | 18,00 | 18,30 | 19,00 | 19,30 | 20,00 | | |

| ЛИНИЈА БР.13 | ВРЕМЕ НА ВРАЌАЊЕ (ЧАС) | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГАБРОВО | 5,00 | 5,30 | 6,00 | 6,30 | 7,00 | 7,30 | 8,00 | 8,30 | 9,00 | 9,30 | 10,30 | 11,00 | 11,30 | 12,00 | 12,30 |
| СТРУМИЦА | 5,30 | 6,00 | 6,30 | 7,00 | 7,30 | 8,00 | 8,30 | 9,00 | 9,30 | 10,00 | 11,00 | 11,30 | 12,00 | 12,30 | 13,00 |
| | ВРЕМЕ НА ВРАЌАЊЕ (ЧАС) | | | | | | | | | | | | | | |
| | 13,00 | 13,30 | 14,00 | 14,30 | 15,00 | 15,30 | 16,30 | 17,00 | 17,30 | 18,00 | 18,30 | 19,00 | 19,30 | | |
| | 13,30 | 14,00 | 14,30 | 15,00 | 15,30 | 16,00 | 17,00 | 17,30 | 18,00 | 18,30 | 19,00 | 19,30 | 20,00 | | |

## ЛИНИЈА БРОЈ 14

| ЛИНИЈА БР.14 | ВРЕМЕ НА ПОАЃАЊЕ (ЧАС) | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СТРУМИЦА | 4,00 | 4,30 | 5,00 | 5,30 | 6,00 | 7,30 | 8,00 | 8,30 | 9,00 | 9,30 | 10,00 | 10,30 | 12,00 | 13,00 | 14,00 |
| ПОПЧЕВО | 4,25 | 4,55 | 5,25 | 5,55 | 6,25 | 7,55 | 8,25 | 8,55 | 9,25 | 9,55 | 10,25 | 10,55 | 12,25 | 13,25 | 14,25 |
| БЕЛОТИНО | 4,30 | 5,00 | 5,30 | 6,00 | 6,30 | 8,00 | 8,30 | 9,00 | 9,30 | 10,00 | 10,30 | 11,00 | 12,30 | 13,30 | 14,30 |
| РИЧ | 4,40 | 5,10 | 5,40 | 6,10 | 6,40 | 8,10 | 8,40 | 9,10 | 9,40 | 10,10 | 10,40 | 11,10 | 12,40 | 13,40 | 14,40 |

| | ВРЕМЕ НА ПОАЃАЊЕ (ЧАС) | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 14,30 | 15,00 | 16,30 | 17,00 | 18,00 | 18,30 | 19,00 | 20,00 | 20,30 | 21,00 | 21,30 | 22,00 |
| | 14,55 | 15,25 | 16,55 | 17,25 | 18,25 | 18,55 | 19,25 | 20,25 | 20,55 | 21,25 | 21,55 | 22,25 |
| | 15,00 | 15,30 | 17,00 | 17,30 | 18,30 | 19,00 | 19,30 | 20,30 | 21,00 | 21,30 | 22,00 | 22,30 |
| | 15,10 | 15,40 | 17,10 | 17,40 | 18,40 | 19,10 | 19,40 | 20,40 | 21,10 | 21,40 | 22,10 | 22,40 |

| ЛИНИЈА БР.14 | ВРЕМЕ НА ВРАЌАЊЕ (ЧАС) | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РИЧ | 4,00 | 4,30 | 5,00 | 6,30 | 7,00 | 7,30 | 9,00 | 9,30 | 10,00 | 10,30 | 11,30 | 12,00 | 13,00 | 14,00 | 15,00 |
| БЕЛОТИНО | 4,10 | 4,40 | 5,10 | 6,15 | 7,10 | 7,40 | 9,10 | 9,40 | 10,10 | 10,40 | 11,40 | 12,10 | 13,10 | 14,10 | 15,10 |
| ПОПЧЕВО | 4,15 | 4,45 | 5,15 | 6,25 | 7,15 | 7,45 | 9,15 | 9,45 | 10,15 | 10,45 | 11,45 | 12,15 | 13,15 | 14,15 | 15,15 |
| СТРУМИЦА | 4,40 | 5,10 | 5,40 | 6,40 | 7,40 | 8,10 | 9,40 | 10,10 | 10,40 | 11,10 | 12,10 | 12,40 | 13,40 | 14,40 | 15,40 |

| | ВРЕМЕ НА ВРАЌАЊЕ (ЧАС) | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 15,30 | 16,00 | 17,00 | 17,30 | 18,00 | 18,30 | 19,00 | 19,30 | 20,00 | 20,30 | 21,00 | 21,30 | 22,00 |
| | 15,40 | 16,10 | 17,10 | 17,40 | 18,10 | 18,45 | 19,15 | 19,40 | 20,10 | 20,40 | 21,10 | 21,40 | 22,10 |
| | 15,45 | 16,15 | 17,15 | 17,45 | 18,15 | 18,55 | 19,25 | 19,45 | 20,15 | 20,45 | 21,15 | 21,45 | 22,15 |
| | 16,10 | 16,40 | 17,40 | 18,10 | 18,40 | 19,10 | 19,40 | 20,10 | 20,40 | 21,10 | 21,40 | 22,10 | 22,40 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица.

Бр.08-3754/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

.......................................................................

**138.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на за доделување парична помош на Томе Танчев од с.Дабиље**

**Член 1**

На Томе Танчев од с.Дабиље му се доделува парична помош во вкупен нето износ 60.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства поради настанат пожар.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3755/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**139.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на за доделување парична помош на Тунџет Демов од Струмица**

**Член 1**

На Тунџет Демов од Струмица му се доделува парична помош во вкупен нето износ 60.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување на неговата ќерка Љамиа Демова.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3756/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**140.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина

Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на за доделување парична помош на Верица Ѓеоргиева од Струмица**

**Член 1**

На Верица Ѓеоргиева од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 60.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување на неговата ќерка Љубинка Георгиева.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-3757/1 | Совет на општина Струмица |
| 26.05.2025 год. | Претседател, |
| С т р у м и ц а | Марјан Даскаловски |

……………………………..

## 141.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на за доделување парична помош на Ѓулфидан Адиљова од Струмица**

**Член 1**

На Ѓулфидан Адиљова од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 60.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2025 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-3758/1 | Совет на општина Струмица |
| 26.05.2025 год. | Претседател, |
| С т р у м и ц а | Марјан Даскаловски |

……………………………..

## 142.

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 101/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за донесување на Урбанистички план за село Муртино, Општина Струмица, со детална разработка на Блоковите 10, 11 и 12 плански период 2020-2030**

**Член 1**

Се донесува Урбанистички план за село Муртино, Општина Струмица, со детална разработка на Блоковите 10, 11 и 12 плански период 2020-2030.

**Член 2**

Планскиот опфат го опфаќа селото Муртино, Општина Струмица, на подрачјето на КО Муртино и дел од КО Муртино вон град.

Со овој Урбанистички план се опфаќа простор со површина од 126,99ха.

**Член 3**

Урбанистички план за село Муртино, Општина Струмица, со детална разработка на Блоковите 10, 11 и 12 плански период 2020-2030, со техн. број 048-2211/2019 од април 2025 година содржи:

- -текстуален дел (документациона основа и планска документација),
- -графички приказ (документациона основа и планска документација),

**Член 4**

Урбанистички план за село Муртино, Општина Струмица, со детална разработка на

Блоковите 10, 11 и 12 плански период 2020-2030, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-3759/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 143.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП 505 во КО Просениково вон Г.Р.**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за КП 505 во КО Просениково вон Г.Р., СТАНБЕНА КУЌА (зграда 3) со висина П+1 (приземје и кат), изградена на КП 505 во КО Просениково вон Г.Р., со земјиште заведено во ИЛ бр.214 КО Просениково вон Г.Р.,а која парцела согласно УПС Просениково се наоѓа надвор од градежен опфат.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3760/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 144.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.1376 во КО Градско Балдовци**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за **КП бр.1376 во КО Градско Балдовци**, ПОМОШЕН ОБЈЕКТ(зграда 1) со висина П (приземје) изградена на КП бр.1376 КО Градско Балдовци со земјиште заведено во ИЛ бр.871 КО Градско Балдовци, во сопственост на Кољо Младенов од Струмица с.Градско Балдовци бр.131, а која парцела согласно УПС Градско Балдовци се наоѓа надвор од плански опфат

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3761/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 145.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и

52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.6234 и КП бр.7930, КО Струмица**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.6234 и КП бр.7930, КО Струмица за СТАНБЕНА КУЌА со висина П+1 (приземје и кат) и помошен објект со висина П (приземје), изградени на КП бр.7930 и КП 6234, КО Струмица на барателот Ибраим Асанов од Струмица ул.Бошко Буха бр.35, а која парцела согласно а согласно ГУП на град Струмица се наоѓаат надвор од плански опфат.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3762/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 146.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.450/3 КО Добрејци ВОН ГР.**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за **КП бр.450/3 КО Добрејци ВОН ГР.**, СТАНБЕНА КУЌА со висина П+Пк (приземје и поткровје) изградена на КП бр.450/3 КО Добрејци ВОН ГР. со земјиште заведено во ИЛ бр..893 КО Добрејци ВОН-Г.Р., во сопственост на Бојан Ѓоргиев, а која парцела согласно **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДОБРЕЈЦИ, општина Струмица (Плански период 2018-2028)**, (Одлука бр. 08-6937/1 од 24.08.2023 год.) **се наоѓа надвор од плански опфат.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3763/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 147.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.1276 КО Добрејци ВОН ГР.**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за **КП бр.1276 КО Добрејци ВОН ГР.**, СТАНБЕНА КУЌА изградена на КП бр.1276 КО Добрејци ВОН ГР. со земјиште заведено во ИЛ бр..686 КО Добрејци ВОН-Г.Р., во сопственост на Тасев Ѓорге од Струмица ул.Борис Поп-Димитров бр.27, а која парцела согласно ГУП на град Струмица, се наоѓа во заштитно зеленило на

зона со намена Г - производство, дистрибуција и сервиси и дел надвор од плански опфат.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3764/1
26.05.2025 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Марјан Даскаловски
……………………………..

**……………………………………………………………**

## 148.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 101/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и („Службен весник на Република Македонија“ бр.202/24 ) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

### П р о г р а м а
### за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.17/24, 1/25 и 4/25), се вршат следните дополнувања:

I.Во Програмата **Ф1 –Урбанистичко планирање**

Во глава **VI Урбанистички проект**, во табелата по реден број 20 се додава:

| **Р.б.** | **Објект** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 21. | 1. **Урбанистички проект за формирање градежна парцела со намена А4.7 – куќи за потребите на селскиот туризам на КП бр.1028/5, КО Просениково, општина Струмица**, со плански опфат со следните граници:<br>• **КП бр.1028/5, КО Просениково, општина Струмица** | Самофинансирање |
| 22. | 2. **Урбанистички проект за градби вон опфат ма урбанистички план, за градба со намена А4-времено сместување на КП 1531 и делови од КП 1532 и КП 1918, во КО Габрово, општина Струмица**, со плански опфат со следните граници:<br>• **КП 1531 и делови од КП 1532 и КП 1918, во КО Габрово, општина Струмица** | Самофинансирање |
| 23. | 3. **Урбанистички проект за формирање градежна парцела со намена А4.7 – куќи за потребите на селскиот туризам на КП бр.1028/5, КО Просениково, општина Струмица**, со плански опфат со следните граници:<br>• **КП бр.1028/5, КО Просениково, општина Струмица** | Самофинансирање |
| 24. | **Урбанистички проект за формирање градежна парцела со намена А4.7 – куќи за потребите на селскиот туризам на КП бр.952, КО Просениково, Општина Струмица“**, со плански опфат со следните граници:<br>• **КП бр.952, КО Просениково, општина Струмица** | Самофинансирање |

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-3765/1
26.05.2025 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател
Марјан Даскаловски

..............................................................

**149.**

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ* бр.5/02 и Службен весник на РСМ* бр.202/24), член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**Програма**
**за активностите на општина Струмица за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2025та година**

- Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (ТППЕ, доброволните противпожарни друштва) кои претставуваат активности од јавен интерес . Според законските одредби , општина Струмица во 2025та година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување,
- Регионалниот центар за управување со кризи,
-Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани –екипи ,одделенија),
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Струмица,
- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Струмица со доброволните противпожарни друштва.

**1.ЦЕЛИ**

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди ,пожари во населените места ,во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето,животната средина,материјалните добра ,природните богатства,животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба ,
-Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,
- Обезбедување на навремено известување за опасноста,благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација ,опременост и координираност на силите за заштита и спасување,справување со кризи и против пожарна заштита.

**2. АКТИВНОСТИ**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма ,активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спсжасување со кризни појави и состојби како и

други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна,навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Струмица преку оваа Програма за 2025 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички-стручна подготвена единица за противпожарна заштита ,која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Струмица  и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето , превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината .

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето и активностите од областа на заштитата и  спасување , превенција и справување со кризни појави дејствувањето, доброволните противпожарни друштва и ,Територијалната протипожарна единица (со посебна програма) утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од :

-Средства од буџетот на општина Струмица и Републичкиот буџет, доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации , правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари ,доброволни противпожарно организирање и за друг вид на несреќи .

РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| | ***Буџет на општина Струмица*** | ***42.970.000 денари*** |
| 1 | Плати и придонеси (сопствено учество) | 22.302.000 денари |
| 2 | Опрема и ситен инвентар | 3.500.000 денари |
| 3 | Набавка на возило | 1.000.000 денари |
| 4 | Наменска Дотација | 16.168.000 денари |
| | ВКУПНО 1-4 | 42.970.000 денари |

Б) Доброволно противпожарно друштво - мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина формирано 2024 година – 100.000 денари.

**5 Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на општината**

- Активностите на ДЗС, ЦУК ,Територијалната противпожарна единица, Доброволните противпожарни друштва , освен со финансиски средства Советот на општината и градоначалникот на општината ќе помагаат и стимулираат со :
- Учество на градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и Доброволното противпожарно друштво поврзано со натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

## 6. Завршни одредби

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на општина Струмица и Одделението за локален еконоски развој.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари,инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на општина Струмица ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи , давање на мислења и поднесување на предлози во врска со стварување на програмските цели и активности .

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства се минорни во буџетот на општината а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елементарните и други несреќи, кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина .

Бр.08-3764/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**150.**

Врз основа на член 7 од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 110/21, 236/22, 147/24 и 74/25) и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**Програма**
**за енергетска ефикасност на Општина Струмица за периодот 2025-2027 година**

**С О Д Р Ж И Н А**


**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТУВАЧОТ НА ПРОГРАМАТА ... 14**

**2. ПРЕДГОВОР ... 14**

**3. ВОВЕД ... 16**

3.1. Општинска Програма за енергетска ефикасност ... 16
3.2. Методологија ... 17
3.3. Мониторинг и евалуација ... 20
3.4. Придобивки од Програмата ... 21

**4. ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА И РЕГУЛАТИВИ ... 22**

4.1. Национална енергетска и регулативна политика ... 22
4.2. Европски енергетски политики и регулативи ... 23
4.3. Спроведени активности согласно претходните Програми за енергетска ефикасност: ... 27

**5. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА СТРУМИЦА ... 29**

5.1. Географски карактеристики ... 30
5.2. Геолошки карактеристики ... 30
5.3. Хидролошки карактеристики: ... 30
5.4. Климатски карактеристики ... 31
5.5. Демографски карактеристики ... 31
5.6. Административни карактеристики ... 33
5.7. Геотермален потенцијал ... 40
5.8. Сообраќајна поврзаност ... 40
5.9. Енергетика ... 41
5.10. Економска состојба во Општина Струмица ... 41

**6. АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ... 42**

6.1. Јавен Паркинг ... 42
6.2. Јавно осветлување ... 44
6.3. Станица за прочистување на отпадни води ... 45
6.4. Струмица Гас ... 50
6.5. Карактеристики на постоечкиот дистрибутивен систем ... 52

**7. АНАЛИЗА НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА ... 53**

7.1. Табеларен преглед на потрошената енергија на објектите под надлежност на Општината 54
7.2. Анализа на податоците за потрошени енергенси по количини ... 72
7.3. Анализа на потрошените средства за набавка на енергенси ... 59
7.4. Потенцијал за заштеди на енергија и редукција на емисии на $CO_2$ ... 79

**8. МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ... 80**

8.1. Акционен план за спроведување на мерките за енергетска ефикасност ... 85

9. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ..... 69
9.1. Изградба на ФЕЦ на објектите со кој стопанисува ЈПКД Комуналец ..... 69
9.2. Поставување на мали ФЕЦ на покривни конструкции на објекти ..... 90
9.3. Проширување и надградување на дистрибутивниот систем ..... 91
9.4. Еколошки јавен превоз ..... 93
9.5. Подобрување на перформансите на уличното осветлување ..... 79

## 1. гОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТУВАЧОТ НА ПРОГРАМАТА

**Општина СТРУМИЦА**

| | |
|---|---|
| **Градоначалник:** | **Костадин Костадинов** |
| Адреса и седиште: | ул.“Сандо Масев“ бр.1 2400 Струмица |
| Контакт телефон: | 034/348-030 |
| Електронска пошта: | gradonacalnik@strumica.gov.mk |
| Интернет страна: | www.strumica.gov.mk |

**Автор на Програмата:** **Љупчо Димов, дипл.електротехнички инженер**

**Соработници на Програмата**:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Томислав Андреев | Раководител на Одделение за животна средина |
| 2. | Никола Годев | Раководител на Сектор за ЛЕР и заштита на животна средина |
| 3. | Тони Милушев | Раководител на Одделение за ЛЕР |
| 4. | Панче Беџовски | Советник во Одделение за ЛЕР |
| 5. | Александар Муканов | Раководител на одделение за буџетска контрола и координација |
| 6. | Славица Годева | Соработник во Одделение за образование |

## 2. ПРЕДГОВОР

Врз основа на насоките од Јавниот Повик за изработка на Стратегија за енергетска ефикасност на Општина Струмица за периодот 2025-2030 и Програма за енергетска ефикасност на Општина Струмица за периодот 2025-2027, подготовена е Програма за енергетска ефикасност на Општина Струмица за периодот 2025-2027 како тригодишна развојна програма во областа на енергетската ефикасност и како еден од стратешките

плански документи, иницирана од граѓаните за чиста и здрава средина и енергетска ефикасност но и како правна обврска која произлегува од законската важечка регулатива согласно Член 7 од Законот за енергетска ефикасност.

Целта на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Струмица за периодот 2025-2027 е да ја прикаже состојбата на објектите во сопственост на Општина Струмица, од аспект на енергетската ефикасност, односно да направи анализа: што е досега реализирано и што во иднина треба да се направи во насока на подобрување на енергетската ефикасност во објектите и нивната енергетска класификација. Програмата треба да послужи како основа за изработка на проекти, студии, извештаи, елаборати, стратегии, физибилити студии и друга документација во насока на подобрување на енергетската ефикасност и заштита на животната средина.

Програмата за енергетска ефикасност на Општина Струмица за периодот 2025-2027 ги содржи следните информации по извршени активности:

- Приказ и анализа на податоци за потрошувачката на енергија во единицата на локалната самоуправа, збирно и по сектори;
- Анализа на спроведените мерки и активности од претходната Програма за енергетска ефикасност;
- Цели за енергетска ефикасност на ниво на единиците на локалната самоуправа;
- Мерки и активности за подобрување на енергетската ефикасност, по сектори;
- Рокови во кои треба да се спроведат одделните мерки и активности;
- Потребни средства за спроведување на предвидените мерки и активности, и начини на нивно обезбедување;
- Предизвици за спроведување на мерки за енергетска ефикасност и мерки за нивно надминување;
- Влијание на предложените мерки врз животна средина и климатските промени;
- Предлог Годишен Акционен план за спроведување на Програмата за 2025 година;
- Одговорно лице за спроведување на секоја од предвидените мерки и активности.

Програмата за енергетска ефикасност е усогласена со:

- Планските документи за локален економски развој на Општина Струмица и со Локалниот Акционен План за животна средина на Општина Струмица
- Стратегијата за енергетска ефикасност на Општина Струмица за периодот 2025-2030.
- Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 год.
- Националната стратегија за одржлив развој (НСОР)
- Националниот акциски план за енергетска ефикасност
- Националната комуникација за климатски промени и
- другите национални стратешки документи за климатски промени.

**Од авторот** **Дипл.инг Љупчо Димов**

## 2. ВОВЕД

Општина Струмица има потенцијал за енергетска ефикасност. Воедно, со зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од 5%-15% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност. Според направените прогнози врз база на предвидениот раст на енергенсите и локалниот раст на населението како и севкупниот економски раст во општината, се покажува дека заштедата на енергија со спроведување на предвидените мерки за енергетска ефикасност би изнесувала околу **1.120 MWh во 2027 година**.

Реализацијата на програмата за енергетска ефикасност ќе придонесе за намалување на загубите на енергија, а со тоа и намалување на трошоците за топлинска и електрична енергија од буџетот на општината, подобрување на комфортот во училишните згради, а со тоа ќе се подобри училишната атмосфера за поефикасни резултати од образованието на децата, подобрување на осветленоста на улиците и друго. Затоа е потребно нејзино доследно спроведување, следење и надградување на податоците од базата на податоци за што до оформување на одделение за енергетска ефикасност одговорен за спроведување на програмата ќе е одделението за заштита на животната средина при општина Струмица –раководител Томислав Андреев  со поддршка на градоначалникот и општинскиот совет.

Одделението за заштита на животната средина во општината  работи на спроведување на проекти коишто придонесуваат за намалување на неефикасното користење на енергија и притоа постигнување на помала потрошувачка на енергија и намалување на загадувањето на животната средина во општината.

### 2.1. Општинска Програма за енергетска ефикасност

Подготовката на општинската програма за енергетска ефикасност (ОПЕЕ) е обврска која произлегува од Законот за енергетика и истата се однесува на период од три години.

Реализацијата на програмата се спроведува преку годишни акциски планови и доставување извештаи за завршената работа за претходната година, кои содржат конкретни мерки што треба да се преземат за остварување на предвидените цели.

Енергетската ефикасност (ЕЕ) е начин на управување со потрошувачката на енергија и запирање на непродуктивното трошење енергија, или со други зборови, тоа е интелигентно користење на расположливите ресурси на енергија. Енергетската ефикасност е многу важна за економијата на општината, а со тоа и на државата. Таа има за цел да ги намали трошоците за енергија и да направи финансиски заштеди во буџетот на општината по основ на потрошена енергија. Тоа ќе резултира со можност за пренамена на заштедените средства за други приоритетни потреби или за нови проекти за ЕЕ, ќе придонесе кон развивање на локалното претприемништво и отворање нови работни места и ќе го намали влијанието врз животната средина. Дополнително, преку воведување мерки за ЕЕ, општините можат да ги подобрат и да ги зголемат своите услуги. Заради тоа на воведувањето на енергетска ефикасност не треба да се

гледа исклучиво како законска обврска, туку како можност за долгорочен економски и одржлив развој. Општините играат значајна улога во промоција на енергетската ефикасност преку развивање и спроведување стратегии кои ја подобруваат енергетската ефикасност во објектите и активностите кои се во нивна надлежност (административни згради, училишта, градинки, улично осветлување итн.) и/или преку поттикнување на подобрувања во насока на енергетска ефикасност во објектите за живеење, деловните објекти и индустрискиот сектор.

Тие можат преку свои примери да бидат предводници во подобрувањето на ЕЕ, давајќи им пример и мотивирајќи го приватниот сектор и другите засегнати страни да го следат нивниот пример. Правилното и ефикасно формирање на енергетскиот систем бара комбинирање повеќе мерки, како што се: намалување на потребата за енергија, користење обновливи извори на енергија, примена на нови технологии при градба на објектите, примена на топлинска изолација и др.

## 2.2. Методологија

Креирањето општинска програма за енергетска ефикасност се одвива во четири фази:

- I - подготвителна фаза,
- II - фаза на креирање на програмата,
- III - фаза на имплементација и
- IV -фаза на мониторинг и известување.

Прв чекор и основа во развој на програмата е континуирано следење на базата на податоци за енергетска ефикасност на општина Струмица за нејзино доследно користење, преку собирање на податоци од крајните корисници на објектите под општинска управа и нивно пренесување во базата на податоци.

Втор чекор е дефинирање на обемот, целите и учесниците во градење на програма за енергетска ефикасност. Како основа за дефинирање на целите треба да се земени проценатa на реалната состојба на објектите во однос на потрошувачката на енергија, капацитетот и финансиските можности за спроведување на неопходни мерки за подобрување на состојбата односно постигнување заштеди на енергија преку дефинирање на рангирање на објектите според приоритети.



Трет чекор е дефинирање на организацијата за спроведување на мерките во рамките на општината, мониторинг и известување за постигнатите резултати.

Цел на оваа Програма е да ги собере квантитативните и квалитативните податоци и врз основа на базата на податоци наменета за општината, да направи анализи чиишто резултати ќе ги сумира во оваа Програма. Врз основа на овие резултати и изработената методологија, се идентификуваат начини за бирање на објектите кои се приоритетни за спроведување на проекти од областа на енергетска ефикасност, во зависност од потенцијалот за намалување на потрошувачката на енергија и носење на одлуки, како и давање на препораки за идни чекори за зголемување на енергетската ефикасност и заштеда на енергија во општината.

Реализацијата на програмата за енергетска ефикасност придонесува за намалување на загубите на енергија, а со тоа и намалување на трошоците за топлинска и електрична енергија од буџетот на општината, подобрување на комфортот во училишните згради, а со тоа ќе се подобри училишната атмосфера за поефикасни резултати од образованието на децата, подобрување на осветленоста на улиците и друго. Затоа е потребно нејзино доследно спроведување, следење и надградување на податоците од базата на податоци за што е одговорен спроведување на програмата ќе е одделението за заштита на животната средина при општина Струмица – раководител Томислав Андреев со поддршка на градоначалникот и општинскиот совет.

Во самиот процес вклучено е донесување одлуки во три наврати: на почетокот на процесот, одлука која ја носи градоначалникот со советот на општината, а се однесува на иницирање програма за енергетска ефикасност на општината; по фазата на подготовка на програмата, одлуката на усвојување на истата ја носи советот на општината; и на крајот од процесот, по извршениот мониторинг и евалуација, кога советот ги усвојува резултатите и препораките за понатамошно планирање.

За реализација на втората фаза од Процесот на подготовка на ОПЕЕ Општина Струмица има развиено процес на Мониторинг на потрошувачката на енергенси во сите објекти кои се под ингеренција на Општината. Мониторингот се спроведува од 2010 година и



претставува организиран систем на собирање и обработка на податоците за потрошувачка на енергијата добиени од одговорните лица во сите општински објекти.

За таа цел подготвена е апликација на платформата Excel во која на прегледен начин се внесуваат податоците за количините на потрошени енергенси, и тоа:

- Електрична енергија
- Нафта за греење
- Огревно дрво
- Природен гас
- Вода






Во апликацијата се внесуваат и податоците за потрошени средства во апсолутен износ за потрошените енергенси.

Со внесените влезни податоци понатаму се прави обработка и се креираат збирни табели за секоја година поединечно, каде се прикажува состојбата со потрошени количини енергенси и средства потрошени за таа намена.

Од вака креираните и систематизирани податоци за секоја година поединечно, се креира збирен извештај кој понатаму може да се користи за аналитичка обработка на податоците, како значајна алатка во понатамошниот процес на креирање на Програми и Акциони планови за енергетска ефикасност.



### 2.3. Мониторинг и евалуација

Мониторингот/следењето е рутинско систематско собирање и анализа на информациите за да се следи напредокот во поглед на она што е планирано (целите кои се утврдени) и да се проверува дали напредокот се постигнува по воспоставените стандарди и утврдената временска рамка. Мониторингот помага да се идентификуваат трендовите и моделите, да се адаптираат стратегиите и да се информира раководниот тим за тоа дали има потреба да се ревидираат одредени одлуки. Значи, со правилното практикување на мониторингот се сигнализира на потенцијални слабости во процесот на имплементација на Стратегијата или на одредена нејзина активност/проект/мерка, овозможувајќи да се направи навремена корекција. Мониторингот е од витално значење за проверка на сите промени (позитивни или негативни) за клучните чинители (одговорните за реализација на Програмата или на одредена нејзина активност). Мониторингот се врши од внатрешни (општински) стручни лица во одредена област, назначени од раководителите

на процесот на имплементација на Програмата.

Евалуацијата, т.е. оценката е систематска и објективна проценка на тековните активности (нивниот дизајн) или на завршените проекти, односно на завршената имплементација на Програмата и на постигнатите резултати во однос на планираното. Целта е да се утврди релевантноста и исполнувањето на целите, развојот на ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста. Евалуацијата има тенденција да укаже на влијанието на проектот/ активноста/ Програмата во целост и особено на одржливоста. Евалуацијата ќе биде спроведувана од стручни лица во Општината назначени од раководството кое е задолжено за имплементација на Програмата, но, во одредени случаи доколку за тоа има потреба, и од надворешни стручни лица/организации/независни консултанти (особено во случај на оценувања на влијание) или тим составен од внатрешни и надворешни стручни лица кои би работеле на партнерска основа.

Клучната идеја за воведување на мониторинг и евалуација е обезбедување на повратна информација за работата во делот на имплементација на Програмата. Тоа е постапка која се спроведува цело време, иако тоа не мора да биде строго формален процес. Сепак, преку воспоставување на одредени формални процедури (на пр. подготовка на план за мониторирање и евалуација, како прилог на Програмата) и практикување на систематски мониторинг и евалуација, ќе се добијат поквалитетни повратни информации. Да се делува согласно информациите од мониторингот и евалуацијата понекогаш не е лесно, но стратешкото планирање секако го бара тоа, бидејќи само на тој начин ќе може да се подобри процесот на имплементација на Акцискиот план на Програмата. Резултатите од мониторингот/следењето и евалуацијата овозможуваат да се покаже ефикасноста на спроведување на активноста или на одреден проект и влијае на регулирање на предвидените и вложените ресурси навремено и соодветно на реалните потреби.

### 2.4. Придобивки од Програмата

За правилно извршување на задачите општината планира да вклучи:

- советници и службеници од општината
- корисници на услугите од општината
- снабдувачите со енергија
- владини организации/ министерства
- донаторски институции/ невладини организации
- надворешни консултанти и приватни претпријатија кои извршуваат јавни работи
- финансиски институции

Активности кои општината планира да ги превземе како потрошувач на енергија се следни:

- енергетски контроли/ аудити
- среднорочни и долгорочни планирања за снабдување со енергија и големината на побарувачка
- мерење и следење на потрошувачката на енергија

Резултатите од овие активности ќе допринесат за:

- финансиски заштеди на општината
- заштеди на енергија

- подобро управување со буџетот на општината
- намалување на загадувањето на животната средина
- локален одржлив развој

Придобивки на општината од спроведување на проектите за енергетска ефикасност во зградите кои се сопственост на општината се:

- финансирање на проектите за енергетска ефикасност преку остварените заштеди на енергија
- намалување на трошоците за енергија и обезбедување на значајни социјални и здравствени придобивки
- подобрување на општинската инфраструктура
- подобрување на нивото на греење во зградите според Европските норми
- подобрување на здравјето на луѓето и комфорот на живеење или привремент престој во објекти
- зачувување на здравјето на децата во училиштата со редукција на варијациите во греење и подобрување на протокот на воздух во училишните простории

## 3. ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА И РЕГУЛАТИВИ

Во развојот на сегашната Програма за Енергетска Ефикасност (ОПЕЕ) се земени во предвид моменталната и применлива енергетска политика и регулатива како и останатите релевантни стратешки документи.

### 3.1. Национална енергетска и регулативна политика

Во продолжение е даден преглед на моменталното национално законодавство на локалните единици за самоуправа .

- Закон за енергетика (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22);
- Закон за енергетска ефикасност (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10.2.2020 година);
- Закон за заштита на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02);
- Стратегија за подобрување на Енергетската Ефикасност во Република Македонија до 2020-та година (“Службен весник на Република Македонија“ бр.143/10).
- Акционен План за обновливи извори на енергија на Република Македонија до 2025-та година со визија до 2030та година (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 207/15).
- Акциски План за изменување на акциски план за обновливи извори на енергија на Република Македонија до 2025та година со визија до 2030-та година (“Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2017).
- Стратегија за развој на Енергетиката на Република Македонија до 2040-та година

(“Службен весник на Република Македонија“ бр.25/20).

- Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија до 2020-та година (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 125/10).
- Закон за Енергетска ефикасност (“Службен весник на Република Македонија“ бр.32/20)
- Правилник за енергетски карактеристики на зградите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/13, 7/15, 176/15).
- Правилник за Енергетска контрола (“Службен весник на Република Македонија“ бр.94/13, 18/15).
- Закон за градење (“Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44,15, 129/15, 192/15,39/16, 71/16, 103/16 ,132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23).
- Закон за концесии и други видови на Јавно Приватно Партнерство (“Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15, 153/19, 261/19, 89/22, 65/23).

### 3.2. Европски енергетски политики и регулативи

Македонија како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија има обврска ефикасно да ги спроведе реформите во општествениот систем. Развојот на енергетскиот сектор е од посебно значење.

Во септември 1998 година, Република Македонија го ратификуваше Договорот за енергетска повелба, Договорот за основање на енергетска заедница, Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени и Кјото Протоколот. Во април 2021 Република Северна Македонија го усвои Ревидираниот национален придонес кон Договорот од Париз за клима.

Во согласност со Договорот за основање на енергетска заедница, Македонија го усогласува своето законодавство со постојната правна регулатива на Европската Унија за енергија, животна средина, конкуренција, обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и за нафтени резерви. Во овој контекст, постојат неколку важни директиви во областа на енергетиката кои се наведени подолу:

- Директивата за енергетски карактеристики на згради 2002/91 / ЕС, 2010/31 / EU (изменета и дополнета преку 2018/844/ЕЗ) на Европскиот парламент и на Советот од 19 мај 2010 година за енергетските карактеристики на згради;
- Директива 2012/27/EU (изменета и дополнета 2018/2002) на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 за енергетска ефикасност.
- Директивата за енергетска ефикасност и користењето на енергетските услуги и за укинување на Директивата 93/76 / ЕЕС на Советот и 2006/32 / ЕС;
- Директивата 2008/1 / ЕС за интегрирано спречување и контрола на загадувањето;
- Директивата 2012/27 / EU за енергетска ефикасност, за изменување на Директивите 2009/125 / ЕС и 2010/30 / EU и укинување на Директивите 2004/8 / ЕС и 2006/32 / ЕС;
- Директива за промоција на комбинираното производство на енергија врз основа на

побарувачката на корисна топлина на внатрешниот пазар на енергија и за изменување на Директивата 92/42 / EEC, 2004/8 / EC.

Еден од појдовните документи кои претставуваат основа за развој на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Струмица е **Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 год**. Стратегијата ги максимизира заштедите на енергија кои достигнуваат 51,8% од примарната и 27,5% од финалната енергија. Историски гледано, трендот на опаѓање може да се забележи во потрошувачката на примарна енергија, при што потрошувачката на финална енергија останува стабилна.

Со оглед на тоа што Северна Македонија е земја во развој, се предвидува дека растот на БДП ќе изнесува во просек 3,3% годишно, позиционирајќи ја Северна Македонија во 2040 година на денешните нивоа на БДП по глава на жител на соседните земји од ЕУ. Бидејќи растот на БДП е еден од главните двигатели за идната побарувачка за енергија, потребна е максимизација на политиките за енергетска ефикасност, бидејќи тие директно влијаат на намалувањето на емисиите, ја намалуваат зависноста од увозот на енергија и ја стимулираат домашната економија со локалните можности за вработување. Како прв чекор, важно е да се одреди нивото на амбиција со поставување на националните цели за ЕЕ за 2020 и 2030 година, при што резултатите од Стратегијата би можеле да послужат како добра основа. Најголемата заштеда на енергија може да се постигне во потрошувачката на примарна енергија, најмногу поради намалувањето на потрошувачката на јаглен во Сценариото за умерена транзиција и во Зеленото сценарио. Исто така, целокупното подобрување на ЕЕ од страната на снабдувањето и континуираното намалување на загубите во дистрибутивната мрежа дополнително ќе ја ублажат потрошувачката на примарна енергија. Што се однесува до потрошувачката на финална енергија, таа во иднина ќе се зголеми, но со значително пониски стапки во Сценариото за умерена транзиција и во Зеленото сценарио, поради понапредните мерки за ЕЕ. Затоа, важно е да се продолжи со користењето на постоечките мерки за ЕЕ и да се воведат нови за домаќинствата и за комерцијалниот сектор.

Во подготвувањето на Програмата следени се и насоките дефинирани во **Националната стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030).** Оваа стратегија на Република Северна Македонија поставува визија, мисија и цели за економски, социјален и еколошки рамномерен развој. Со спојување кон глобалното движење за одржлив развој, Република Северна Македонија треба да им обезбеди на своите граѓани јасна насока и патоказ за развој на земјата, како и да ги мотивира нивната надеж и доверба во иднина.

Оваа Национална стратегија за одржлив развој на Република Северна Македонија обезбедува интегрален пристап на планирање, кој нуди целокупно покритие за сите други политики и стратегии во различни области. НСОР ги почитува веќе поставените стратешки правци во различни сектори, но исто така дава силни меѓусекторски врски од суштинско значење за одржливиот развој. Енергетската политика на Северна Македонија е дел од Стратегијата за одржлив развој.

Транспонирајќи ги политиките на локално ниво, **Енергетска политика на Република Северна Македонија** ги дефинира целите и инструментите со кои Владата на Република Северна

Македонија треба да придонесе за развој на енергетскиот сектор во однос на: непрекинато и сигурно снабдување со енергија, заштита на животната средина, правата на сопственост, пазарната економија, инвестиции, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, поврзување со регионот и пошироко, социјалната политика итн.

Оваа политика е дефинирана со неколку стратешки документи и тоа Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година и Нацрт Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката 2021-2025 година.

Некои од целите на енергетската политика, кои се идентични со целите и на општината се:

1. Одржување, ревитализација и модернизација на постојната и изградба на нова, современа инфраструктура за потребите на производството и користење на енергија;
2. Подобрување на енергетската ефикасност во производството, преносот и користењето на енергијата;
3. Искористување на домашните ресурси (резервите на лигнит, хидро потенцијал, ветерната и соларната енергија) за производство на електрична енергија;
4. Зголемување на искористувањето на природниот гас;
5. Зголемување на користењето на обновливите извори на енергија;
6. Заштита на животната средина.

За да се осигура реализацијата на предвидената политика, Владата треба да спроведе широк комплекс на мерки од политичка, економска, техничка и административна природа.

- Политички мерки (енергетските проекти да бидат поставени како значаен национален приоритет);
- Економски мерки (добра и фер економска регулација на енергетскиот сектор, намалување на даноците за горива кои помалку загадуваат, намалување на даноците и царинските давачки за енергетски ефикасна опрема, наменски кредити);
- Технички мерки (стандардизација на опремата, едукација на проектантите и ревизорите на проекти, воведување на потребните стандарди);
- Правни и административни мерки (промена и подобрување на постоечките закони, како и подготовка на соодветни подзаконски акти, правилници, методологии);
- Медиумска кампања (подигање на свеста на граѓаните и трговците дека енергијата е редок и скап ресурс и да се едуцираат потрошувачите, на јасен, концизен и популарен начин).

Процесот на подготовка и креирање на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Струмица во основа е усогласена и со стратешките документи кои ги има донесено Советот на Општина Струмица. Тука пред се основен стратешки документ е **Стратегија за ЛЕР.** Визија на оваа стратегија е дека Општина Струмица до 2026 ќе биде водечка општина во регионот, со одржлив развој на економијата, унапредено земјоделско производство, висок стандард и квалитет на живот во урбаните и руралните средини, заштитена и чиста животна средина, со планирана и квалитетна инфраструктура согласно потребите на граѓаните, со обезбеден постојан развој на работната сила и со нулта толеранција за корупција.

Мисијата на Стратегијата за ЛЕР на општина Струмица се состои во создавање на услови и околности кои ќе ги олеснат процесите со кои ќе се привлечат атрактивни инвестициски можности за натамошен забрзан развој на економијата и на земјоделството, со здрава животна средина, со современо просторно и урбано планирање, но и **со енергетски ефикасни јавни и приватни објекти**, со развиена инфраструктура, со стручна администрација која работи по највисоки стандарди со цел да обезбеди високо квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата.

Стратегијата за Локален економски развој на Општина Струмица е сеопфатен плански документ кој ги дефинира насоките на развој на Општината во периодот од 2022 до 2026 година и комбинира различни процеси, имајќи ги предвид различните потреби во економскиот развој, инфраструктурата и комуналните услуги, просторното и урбанистичкото планирање, заштитата на животната средина, социјалниот развој и намалувањето на сиромаштијата.

Стратегијата за локален економски развој на општината за периодот 2022 – 2026 година опфаќа 6 стратешки цели и 19 специфични цели кои ќе придонесат за остварување на поставената визија за општината која гласи: Општина Струмица до 2026 ќе биде водечка општина во регионот, со одржлив развој на економијата, унапредено земјоделско производство, висок станадард и квалитет на живот во урбаните и руралните средини, заштитена и чиста животна средина, со планирана и квалитетна инфраструктура согласно потребите на граѓаните, со обезбеден постојан развој на работната сила и со нулта толеранција за корупција.

Согласно Стратешката цел 3 од Стратегијата за ЛЕР: Грижа за животната средина и иднината на Општина Струмица, дефинирани се

- Специфична цел 3.2: Енергетски ефикасни јавни и приватни објекти
- Специфична цел 3.3: Искористување на изворите на обновлива енергија

**Табела : Дел од SWOT анализата во Стратегијата за ЛЕР во делот за енергија**

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| Капацитет за користење на обновливи извори на енергија – постои значаен потенцијал за искористување на обновливи извори на енергија, особено сончева енергија | - Висока амоританост на постоечката енергетска инфраструктура и потреба за нејзина забрзана ревитализација и технолошка модернизација<br>- Губитоци при преносот и дистрибуцијата на електричната енергија како и енергетска неефикасност во потрошувачката на финалната енергија, што го зголемува инаку веќе високиот енергетски интензитет<br>- Недоволна истраженост на одредени ресурси: нафта и гас, како и поедини обновливи извори на енергија<br>- Недоволна вклученост на домашните научни и стручни институции во решавање на проблемите на енергетскиот сектор<br>- Неискористен потенцијал на обновливите извори на енергија<br>- Сезонски карактер на потрошувачката на |

| | |
|---|---|
| | енергенсите<br>- Непостоење на простор за складирање и дистрибуција на биомасата<br>- Зависност од увоз |
| **Можности** | **Закани** |
| - Високо ниво на сончеви денови што овозможува значаен добиток на енергија од употреба на фотоволтаици<br>- Можност за валоризација на просторот со замена на постоечките далеководи со подземни кабли<br>-Воведување на ОИЕ за домаќинствата и туристичките објекти<br>- Висок потенцијал за заштеда на енергија во општината со помош на мерки за енергетска ефикасност<br>- Потенцијал за ветроенергија на подрачјето на општина Струмица<br>- Рециклажа на користеното растително масло за добивање на обновливо био-гориво<br>- Употреба на соларна енергија – пониски трошоци | - Недоволна развиеност на свесноста на граѓаните за важноста на развојот и унапредување на електроенергетскиот сектор и неговите можни позитивни влијанија на функционирање на целата општина<br>- Развој на градот по мерки на инвеститорското лоби<br>- Претежно потпирање на необновливи енергетски извори |

### 3.3. Спроведени активности согласно претходните Програми за енергетска ефикасност:

- Воведен е мониторинг на податоците за потрошувачка на енергија на сите објекти (згради).
- Во соработка и со активно учество во Мрежата за енергетика и енергетска ефикасност при ЗЕЛС, Општина Струмица е вклучена во Системот за следење на енергетската ефикасност на единиците на локална самоуправа, преку Националниот софтвер за енергетска ефикасност (www.eeopstini.mk) изготвен во рамките на Проектот “Ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор“.
- Во соработка со Центарот за развој на Југоисточниот плански регион (МК) и Здружението на Југо-Западни општини-Благоевград развиен е предлог-проект “Ефикасно користење на сончевата енергија за подобра иднина“ заедно со општините Струмица и Петрич со што се придонесе во програма на ЕУ 2020, со примена на соларни фотонапонски панели на две основни училишта: во Струмица "Сандо Масев" и во Петрич "Антон Попов", заради подобрување на енергетската ефикасност согласно првиот Акционен план за енергетска ефикасност во Република Македонија од Општина Струмица.
- Во соработка со Европската Агенција за реконструкција – Проект за подршка на Процесот на децентрализација во Република Македонија изготвен е Проект за енергетска ефикасност на Училиштата во Општина Струмица-Претходна физибилити студија. Студијата опфаќа анализа на постоечката состојба врз основа на која се дефинирани предлог-мерки за надминување на проблемите, како и следствените трошоци и придобивки кои ќе произлегуваат од имплементацијата на мерките.
- Во соработка со Топлификација Инженеринг доел – Скопје изготвена е Инвестициска студија

за проект за примена на мерки за енергетска ефикасност во СОУ Никола Карев – Струмица. Со Енергетскиот поглед на училиштето утврден е потенцијал за заштеда од 2.466.290,00 ден/год. (40,000,00€). Заштедата на масло за ложење изнесува 39.730 литри на годишно ниво што претставува 36% од референтната потрошувачка.

- Заради подобрување на енергетската ефикасност во воспитно-образовните институции, извршени се интервенции и реновирање на неколку основни и средни училишта.
- Согласно Акциониот план за спроведување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Струмица 2009-2013, извршена е замена на постојаните живини улични светилки со 3.202 штедливи светилки со што во однос на потрошувачката во 2009 година, во 2010 година се заштедени 766.750 kWh на годишно ниво а во 2011 година се заштедени 1.269.088 kWh, односно заштедите од потрошувака на електрична енергија се зголемени во 2011 во однос на 2010 за 502.338 kWh.
- Советот на Општина Струмица донесе одлука со која се прифаќа членството на Општина Струмица во Повелбата на Градоначалници, со цел вклучување на општината во развојот и имплементацијата на енергетската политика на Европската комисија. Со овластувањата кои ги доби со одлуката, Градоначалникот ја потпиша Повелбата, со што Струмица стана прва Општина во Република Македонија потписник на истата (во Македонија потписник е само Град Скопје). Повелбата на градоначалници е доброволна иницијатива кој ги вклучува локалните авторитети од цела Европа во формално изразување на заложбата за намалување на емисиите на $CO_2$ над целите на ЕУ од 20%. Иницијативата до сега ја имат потпишано преку 4.400 градови во Европа. Повелбата ги содржи обврските на Општина Струмица во однос на досегашните и идните мерки за спроведување на Повелбата и нејзината заложба да се достигнат и надминат целите на ЕУ за намалување на емисиите на $CO_2$ за 20% преку зголемување на енергетската ефикасност и развојот на обновливите енергетски извори.
- Проширување на дистрибутивната гасоводната мрежа во Општина Струмица за нови седум километри со кредит во износ од 26 милиони денари, со што вкупната гасоводна мрежа ќе изнесува 43 километар.Целта на проширувањето е да се опфатат поголем број корисници на природниот гас.
- Зголемување на енергетската ефикасност, управување со енергијата и контрола во јавните установи : поставување термостати, штедливи светилки, топлинска изолација (ѕидови, покрив, прозорци) – промена на салонитен кров дом на АРМ Струмица во вредност од 2.800.000 денари.
- Континуирано се заменуваат обичните светилки со нови штедливи лед светилки направена е замена на Булеварите Гоце Делчев, Ленинова, Маршат Тито, Големиот парк на општина Струмица, кванташкиот пазар ,во поголемите населени места итн. тенденцијата и стремежот на општината е целосно да бидат заменети старите со нови лед светилки до 2025 година.
- Извршена гасификација, односно промена на нееколошките системи за греење во ЈПКД Комуналец, Урбанизам, градинка Детска радост Клон 1 ( стар театар ), ООУ Маршал Тито, ПР Банско, вкупна сума 2.247.735 милиони денари;
- Извршена е гасификација на Клон 5 - Јахја Кемал, ООУ Маршал Тито - Муртино, ООУ Герас

Цунев - Просенико, за вкупна сума од 4.000,000 милиони денари;

- Гасифицирана е Општа Болница Струмица вкупна сума 7.200,000 денари
- енергетска ефикасност - променета на столарија за СОУ Никола Карев , ОУ Маршал Тито и ОУ Сандо Масев Струмица-Водоча
- Промена на дрвена столарија за поголема енергетска ефикасност на објектите Струмица гас и Домот на Армијата, вкупно 3.700,000 денари.

## 4. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА СТРУМИЦА

На крајниот југоисток на Република Северна Македонија веднаш под тромеѓето на маѓудржавните граници со Бугарија и Грција сместена е плодната Струмичка котлина, а во нејзиниот западен дел и истоимената општина Струмица.

Во согласност со Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Сл. весник на РМ“бр55/04,12/05,98/08,106/08, 149/14), општина Струмица е основана и утврдена како Општина со седиште во град Струмица.

Околу 230 сончеви денови, поволна клима, лековита вода и многу природни реткости ја карактеризираат оваа општина. Струмица е економски и културен центар на југоисточна Македонија , која последните години од земјоделско прерасна во аграрно-индустриско подрачје.

Од 2005 година подрачјето на Општина Струмица го сочинуваат Градот Струмица и следниве 24 населени места-Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово. Градско Балдовци, Дабиља, Добрејци, Дорломбос, Злешево, Костурино, Куклиш, Мемешли, Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево, Свидовица, Три Води и Чепели.

**Слика : Територијална поделба на Општина Струмица**



### 4.1. Географски карактеристики

Општина Струмица се наоѓа во југоисточниот дел на Република Македонија, во Струмичката котлина што се простира на просечна надморска височина од 239 метри опколена со венец од планината Беласица, Огражден и Еленица со површина од 321.89 km$^2$. Општина Струмица се наоѓа на 136 km од Скопје и претставува најголемата и водечка општина на Југоисточниот регион. Се наоѓа во близина на крстосницата на границите со Бугарија и Грција, двете единствени соседни земји што се членки на Европската Унија и НАТО.

Во оваа Општина живеат 49.955 жители, од кои 25.294 се жени и 24.701 се мажи, населени во градот Струмица кој е седиште на Општината и во останатите 24 населени места кои ја сочинуваат Струмичката општина. Нејзиниот низински дел воедно е и најгусто населено подрачје во Македонија, со 100 жители на 1 km$^2$.



### 4.2. Геолошки карактеристики

Целокупниот Струмички регион е поделен на ридско-планински. Поголем дел, односно 46% од обработливите површини припаѓаат на рамничарскиот релјефен дел кои се наоѓаат на надморска височина од 250-300 m и се од првостепено значење за земјоделството во регионот.

### 4.3. Хидролошки карактеристики:

Водоснабдувањето на општина Струмица со индустријата се врши од акумулацијата Турија од 1978 г. Годишно Струмичкиот слив испорачува 5.5 - 6 милиони m$^3$ сирова вода на ЈПКД Комуналец преку доводниот цевовод од браната Турија до фабриката за вода. Водоснабдувањето на Струмица до 1978г. е вршено од акумулацијата Водоча. Во акумулацијата Водоча се чуваат секоја година како резерва 1-1.5 милиони m$^3$, во случај на прекин на водата од Турија. Во акумулацијата Турија секоја година се чуваат како резерва за градот 10 милиони m$^3$ вода. За наводнување на површините од ХМС Турија годишно се испорачуваат од 3 до 18 милиони m$^3$.

Во ХМС Турија просечно се наводнуваат од 1.000 до 2.500 ха годишно. При наводнувањето водата минува низ турбините на ХЕЦ Турија, која е во сопственост на Електростопанство на Македонија и годишно се произведуваат од 500.000 до 1.200.000 kwh. Во ХМС Водоча годишно се наводнуваат од 400 до 600 ха, со просечна годишна потрошувачка на вода од 5-6 милиони м$^3$ вода. Во општина Струмица од овој систем се

наводнуваат земјоделски површини во атарите на Струмица, Баница, Водоча, Вељуса и Добрејци. Од населбите кои се дел од општината Струмица, од ХМС Турија се наводнуваат земјоделските површини само од Просениково. Водите од акумулацијата Маркова река, се користат за снабдување на Куклиш и Свидовица и за наводнување на 300ха во атарите на Градско Балдовци и Куклиш.

### 4.4. Климатски карактеристики

Општина Струмица се наоѓа во рамките на Струмичката долина опкружена со планините Беласица од југоисток, планината Огражден од североисток и планината Еленица од запад.

Специфичната географска и топографска положба на Струмичкиот регион ја карактеризираат две зонални клими. Субмедитеранска, со поголемо или помало вкрстосување со источно-континентална клима чија испреплетеност на регионот му дава посебен белег, долги топли лета со високи среднодневни температури и намалено годишно количество врнежи и намалени зимски температури со појава на ветрови од сите правци. Просечната годишна температура на воздухот е 13,1°C со највисоки месечни температури во јули 23,9°C и најниски во јануари 1,7°C. Во Струмица просечно годишно ниво на воден талог е 604 mm, додека маглите се појавуваат околу 25 дена и тоа во ноември, декември и јануари.

Струмичкиот регион се одликува со долг период на сончеви денови и со висок светлосен интензитет што позитивно влијае на фруктификацијата. Има околу 230 сончеви денови. Сончевиот сјај трае просечно 2.377 часа годишно.

Во просек денови со магла се 20 дена во годината, и тоа во ноември, декември и јануари. Поради субмедитеранските влијанија од Егејското Море и влијанието на континенталната клима, климатските услови во Струмичкиот регион се карактеризираат со намалено годишно количество врнежи, засилена аридност и менлив плувометриски режим со намалена зимска температура.

Во Струмица, просечно годишно паѓа 547,2 mm воден талог со максимум во есен и пролет (април-мај), додека долготрајните суши (над еден месец) се ретка појава (2%). Измерени се 160 денови со мраз (декември-јануари) и 18 снежни денови.

### 4.5. Демографски карактеристики

Општината Струмица го опфаќа градот Струмица и 25 населени места. Вкупно живеат 49.995 жители, од кои 25.294 се жени и 24.701 се мажи. Во градот Струмица има 33.825 жители или 67,66 % од вкупното население на општина Струмица. Според податоците од Пописот во 2021 година, етничкиот состав на Општина Струмица е следниов: Македонци 77.91%, Турци 7.85%, Роми 0.44%, Срби 0.20%, Албанци 0.044%, Власи 0.02%, Бошњаци 0.006% и 13.53% непознато. Вкупно 22,32% од населението се под 20 години, 51,66% се на возраст помеѓу 20 и 60 и 26,02% од населението е повозрасно од 60 години.

**Табела 1. Број на население и домаќинства по населени места во Општина Струмица за 2021 година**

| Реден број | Населено место | Мажи | Жени | Вкупно | Домаќинства | Број на станови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Баница | 624 | 567 | 1.191 | 317 | 368 |
| 2 | Банско | 1.216 | 1.198 | 2.414 | 694 | 807 |
| 3 | Белотино | 7 | 6 | 13 | 8 | 25 |
| 4 | Вељуса | 458 | 432 | 890 | 412 | 953 |
| 5 | Водоча | 116 | 111 | 227 | 87 | 151 |
| 6 | Габрово | 102 | 100 | 202 | 93 | 209 |
| 7 | Градско Балдовци | 299 | 327 | 626 | 203 | 311 |
| 8 | Дабиље | 803 | 844 | 1.647 | 572 | 815 |
| 9 | Добрејци | 765 | 742 | 1.507 | 523 | 705 |
| 10 | Дорломбос | 29 | 23 | 52 | 16 | 18 |
| 11 | Злешево | - | - | - | - | - |
| 12 | Костурино | 448 | 447 | 895 | 363 | 586 |
| 13 | Куклиш | 1.119 | 1.053 | 2.172 | 747 | 1.067 |
| 14 | Мемешли | 9 | 7 | 16 | 6 | 6 |
| 15 | Муртино | 898 | 842 | 1.740 | 557 | 720 |
| 16 | Орманли | 5 | 2 | 7 | 2 | 2 |
| 17 | Попчево | 113 | 108 | 221 | 86 | 167 |
| 18 | Просениково | 631 | 592 | 1.223 | 360 | 350 |
| 19 | Раборци | 36 | 41 | 77 | 33 | 60 |
| 20 | Рич | 157 | 158 | 315 | 115 | 174 |
| 21 | Сачево | 237 | 206 | 443 | 165 | 190 |
| 22 | Свидовица | 155 | 137 | 292 | 88 | 121 |
| 23 | Струмица | 16.474 | 17.351 | 33.825 | 17.400 | 24.621 |
| 24 | Три Води | - | - | - | - | 39 |
| 25 | Чепели | - | - | - | - | - |

Во регионот на Струмица според Пописот од 2021 година има 15.683 вработени и 1.907 индивидуални фармери, односно 17.590 лица остваруваат приход од работа. Вкупно има 1.707 невработени, и неактивно население од 19.603 лица. Според Заводот за статистика стапката на невработеност во општина Струмица во 2022 година изнесува 9,7%. Според Агенцијата за вработување од 31.03.2023 година, 77% од невработените имаат ниски квалификации, 5,80 имаат непотполно средно образование, 12,84% средно образование, 0,62% се вишо, 3,26 со високо образование и 0,48 се магистри на науки додека нема невработени доктори на науки.

**Табела 2. Образовна структура на невработени во Општина Струмица**

| Реден број | Образование | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Без образование и со основно образование | 3.586 | 77,00% |
| 2 | Непотполно средно образование | 270 | 5,80% |
| 3 | Завршено средно образование | 598 | 12,84% |
| 4 | Више образование | 29 | 0,62% |
| 5 | Високо образование | 152 | 3,26% |
| 6 | Магистри на науки | 22 | 0,48% |
| 7 | Доктори на науки | 0 | 0% |
| ВКУПНО | | 4.657 | 100% |

Според податоците од Пописот на населението и домаќинствата од 2021 година, спроведен од Државниот завод за статистика, образовната структура на населението, и бројот на неактивно население во општина Струмица се прикажани во следните табеларни прегледи:

**Табела 3. Преглед на образовна структура на населението во општина Струмица**

| | |
|---|---|
| Без образование | 1046 |
| Незавршено основно образование | 3526 |
| Основно образование | 9721 |
| Средно образование | 17.553 |
| Високо образование | 6750 |
| Магистри на науки | 503 |
| Доктори на науки | 39 |
| Непознато | 2856 |
| Вкупно | 41.994 |

### 4.6. Административни карактеристики

Администрацијата на Општина Струмица е организирана и работи во 3 објекти и тоа: зграда на општина Струмица, зграда на одделение за урбанизам и дом на АРМ.

Административната зграда на Општина Струмица е лоцирана во центарот на градот Струмица, на ул. "Сандо Масев"бр. 1, п.б. 2004, со површина од 1.647 m$^2$.

Зградата на одделението за урбанизам се наоѓа на ул. "Ленинова" бр.15, со површина од 247m$^2$, додека пак Домот на АРМ се наоѓа на ул."Благој Мучето" бб, каде администрацијата на општината користи само еден спрат со површина од 737 m$^2$.

Во општина Струмица, прегледот на згради вклучува 39 објекти на ниво на општина за кои се добиени податоци и кои објекти се под општинска управа. Вкупната грејна површина на сите објекти изнесува 48.591 m$^2$. Листата на објектите е дадена во продолжение:

| **2) Сектор: Образование** | | | |
|---|---|---|---|
| Целна Група: Основни училишта | | Грејна површина (m$^2$) | Корисниц и |
| Локација | Име на основно училиште | | |
| с. Вељуса | ОУ "Гоце Делчев" | 722 | 150 |
| с. Балдовци | ПОУ "Никола Вапцаров" | 137 | 48 |
| Струмица | ОУ "Никола Вапцаров" | 2.520 | 1.008 |
| с. Орманли | ПОУ "Даме Груев Куклиш" | 54 | нема |

| | | | |
|---|---|---|---|
| с. Дорломбос | ПОУ “Даме Груев Куклиш“ | 63 | 12 |
| с. Мемешли | ПОУ “Даме Груев Куклиш“ | 63 | 3 |
| с. Рич | ПОУ “Маршал Тито Струмица“ | 200 | 30 |
| с. Свидовица | ПОУ “Даме Груев Куклиш“ | 185 | 15 |
| с. Попчево | ПОУ “Маршал Тито Струмица“ | 300 | 12 |
| с. Костурино | ПОУ “Даме Груев Куклиш“ | 620 | 130 |
| Струмица | ОУ “Даме Груев Куклиш“ | 1.050 | 450 |
| Струмица | Музичко училиште “Боро Џони“ | 267 | 400 |
| с. Просениково | ОУ “Герас Цунев“ | 2.100 | 494 |
| с. Дабиље | ОУ “Св. Кирил и Методиј“ | 842 | 265 |
| с. Раборци | ПОУ “Даме Груев Куклиш“ | 80 | 3 |
| с. Сачево | ПОУ “Маршал Тито Муртино“ | 490 | 35 |
| с. Баница | ПОУ “Сандо Масев Струмица“ | 286 | 179 |
| с. Водоча | ПОУ “Сандо Масев Струмица“ | 82 | 12 |
| Струмица | ОУ “Сандо Масев Струмица“ | 2.365 | 1.024 |
| Струмица | ОУ “Маршал Тито Струмица“ | 2.102 | 810 |
| с. Габрово | ПОУ “Маршал Тито Муртино“ | 320 | 26 |
| с. Добрејци | ПОУ “Сандо Масев Струмица“ | 160 | 65 |
| с. Банско | ПОУ “Маршал Тито Муртино“ | 961 | 200 |
| Струмица | ОУ “Маршал Тито Муртино“ | 1.332 | 367 |
| Струмица | ОУ “Видое Подгорец Струмица“ | 2.755 | 1.111 |
| | Вкупно: | 20.056 | 6.837 |
| | Објекти во целна група | 25 | |
| Целна Група: Средни училишта | | Грејна површина ($m^2$) | Корисници |
| Локација | Име на средно училиште | | |
| Струмица | СУ “Никола Карев Струмица“ | 9.380 | 1.671 |
| Струмица | СУ “Димитар Влахов Струмица“ | 3.346 | 1.196 |
| Струмица | СУ “Јане Сандански Струмица“ | 4.020 | 1.500 |
| | Вкупно: | 16.746 | 4.367 |
| | Објекти во целна група: | 3 | |

| 1) Сектор: Администрација | | | |
|---|---|---|---|
| Целна Група: Административни згради | | Грејна површина ($m^2$) | Корисници |
| Локација | Име на административен објект | | |
| Струмица | Зграда на Одделение за урбанизам | 1.290 | 25 |
| Струмица | Зграда на АРМ | 2.730 | 228 |
| Струмица | Зграда на Општина Струмица | 1.590 | 72 |
| | Вкупно: | 5.610 | 325 |

| 3) Сектор: Социјални грижи | | | |
|---|---|---|---|
| Целна Група: Детски градинки | | Грејна површина ($m^2$) | Корисници |
| Локација | Име на детска градинка | | |
| Струмица | Детска градинка – Снежана | 236 | 40 |
| Струмица | Детска градинка Вапцаров | 960 | 130 |
| Струмица | Детска градинка кај болница | 1.680 | 175 |
| Струмица | Детска градинка Колезија | 1.145 | 140 |
| Струмица | Детска градинка во градски парк | 860 | 100 |
| | Вкупно: | 4.881 | 585 |
| | Објекти во целна група: | 5 | |

| 4) Сектор: Култура | | | |
|---|---|---|---|
| Целна Група: Библиотеки и културни домови | | Грејна површина ($m^2$) | Корисници |
| Локација | Име на објект | | |
| Струмица | ЛУБ Благој Јанков Мучето | 600 | 50 |
| Струмица | Дом за млади Благој Мучето Струмица | 168 | 4 |
| | Вкупно: | 768 | 54 |
| | Објекти во целна група: | 2 | |

| 5) Сектор: Општински услуги | | | |
|---|---|---|---|
| Целна Група: Противпожарна заштита | | Грејна површина ($m^2$) | Корисници |
| Локација | Име на објект | | |
| Струмица | Противпожарен дом | 530 | 12 |
| | Вкупно: | 530 | 12 |
| | Објекти во целна група: | 1 | |

Табела 4: Приказ на објекти сопственост на Општина Струмица

Како приоритет на Програмата, дефинирани се три Проектни задачи со кој се постигнува и Целта на оваа Програма, а тоа е зголемување на учеството на обновливите извори на енергија до износ повисок од 30% од вкупната потрошувачка на финална енергија, и тоа:

- Изградба на Фотоволтаична електрична централа со инсталиран капацитет од околу 2MW на парцелата од Пречистителната станица за отпадни води (ПСОВ) со која стопанисува ЈПКД Комуналец
- Поставување на ФЕЦ на покривната конструкција на ЈПКД Комуналец со инсталиран капацитет од 260 kWp
- Поставување на мали Фотоволтаични централи на вкупно 22 објекти сопственост на општинската администрација со вкупен нсталиран капацитет од 435 kWp.

### 8.1. Изградба на ФЕЦ на објектите со кој стопанисува ЈПКД Комуналец

Врз основа на анализите вршени во текот на досегашното работење на Објектот на Пречистителната Станица за отпадни води во агломерација Струмица, се доаѓа до заклучок дека Објектот претставува значителен потрошувач на електрична енергија во процесот на своето работење. Ваквиот конзум на потрошувачка на електрична енергија има директно влијаните врз цената на услугата за прочистување на отпадните води, која ја одредува Регулаторната Комисија за енергетика и

водни услуги. Ова од друга страна претставува оптоварување на корисниците на услугата, а тоа се граѓаните на Општина Струмица и индустриските капацитети приклучени на системот за одведување на отпадни води.

Од тука се доаѓа до потребата за инсталирање на Фотоволтаичен систем на парцелата која е сопственост на Општина Струмица и која ја користи ЈПКД Комуналец за потребите на Пречистителната Станица. Имајќи предвид дека на градежната парцела која ја користи објектот на ПСОВ Струмица има расположив неискористен простор, се наметнува идејата на просторот околу Станицата да се инсталира Фотоволтаичен систем со проектиран капацитет од 2.025 kWp. Истовремено, предвидено е и поставување на ФЕЦ на покривната конструкција на ЈПКД Комуналец со инсталиран капацитет од 260 kWp.



Компаративната анализа на потрошувачката на електрична енергија на сите објекти под ингеренции на општинската администрација со податоците добиени од “Физибилити студијата за енергетска самоодржливост на Станицата за отпадни води и за значително подобрување на животната средина, редукција на емисијата на стакленички гасови и заштеда на електрична енергија”, финансирана од Општина Струмица од Програмата G1 за поддршка на ЛЕР/ Поддршка на проекти од граѓански организации за 2022 година, која ја анализира потребата од изградба на Фотоволтаична Електрична Централа со инсталиран капацитет од 2,2 MWp, покажува дека дури 70% од потрошувачката на електрична енергија, во идеални услови и со правилна распределба со Операторот на дистрибутивната мрежа, можат да се искористат за покривање на сопствената потрошувачка.

Целокупната произведена електрична енергија од проектираниот фотоволтаичен систем би била предадена на Дистрибутивната мрежа на ЕВН, што од друга страна ќе доведе до драстично намалување на износите за потрошена електрична енергија кои во моментот ги плаќа ЈПКД Комуналец, со што ќе се влијае и на цената на услугата која директно удара по стандардот на граѓаните на Општина Струмица, посебно во условите на енергетска криза со која се соочуваме на глобално ниво.

| просек ПСОВ | Филтер Станица | ОЈП Комуналец | Комуналец Капела | Просек Општина Струмица | Осветлување 2023 | ВКУПНА Потрошувачка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **89.999,24** | 76.148,25 | 10.779,49 | 5.852,70 | 62.913,24 | 193.760,70 | 439.453,62 |
| **86.983,23** | 67.920,00 | 9.525,75 | 5.046,08 | 70.042,90 | 163.057,50 | 402.575,46 |
| **102.241,19** | 75.345,00 | 10.188,54 | 4.671,71 | 71.488,35 | 151.650,90 | 415.585,69 |
| **99.369,33** | 66.733,00 | 8.184,09 | 3.303,17 | 56.007,12 | 128.797,40 | 362.394,11 |
| **97.905,56** | 58.394,75 | 4.251,12 | 1.584,91 | 47.506,33 | 124.318,60 | 333.961,28 |
| **98.766,58** | 56.836,25 | 4.879,50 | 1.594,09 | 42.413,35 | 103.864,60 | 308.354,36 |
| **92.695,01** | 58.303,00 | 6.991,09 | 2.227,40 | 43.825,47 | 107.695,40 | 311.737,36 |
| **96.233,69** | 60.994,75 | 6.564,44 | 2.162,56 | 45.321,98 | 116.893,40 | 328.170,81 |
| **95.123,00** | 58.142,50 | 4.357,92 | 1.500,54 | 46.881,91 | 124.522,10 | 330.527,96 |
| **99.450,46** | 63.880,75 | 7.516,69 | 2.909,02 | 56.662,47 | 150.766,70 | 381.186,09 |
| **89.870,73** | 63.905,50 | 9.424,77 | 3.722,77 | 70.093,28 | 159.645,30 | 396.662,36 |
| **91.643,35** | 71.922,50 | 10.781,09 | 4.988,11 | 76.936,93 | 179.235,10 | 435.507,07 |
| **1.140.281,37** | **778.526,25** | **93.444,50** | **39.563,02** | **690.093,32** | **1.704.207,70** | **4.446.116,15** |

| ВКУПНА Потрошувачка | произведена | процент | разлика |
|---|---|---|---|
| **439.453,62** | 167.006,60 | 38,00% | -272.447,02 |
| **402.575,46** | 209.093,70 | 51,94% | -193.481,76 |
| **415.585,69** | 276.935,90 | 66,64% | -138.649,79 |
| **362.394,11** | 286.046,60 | 78,93% | -76.347,51 |
| **333.961,28** | 321.216,50 | 96,18% | -12.744,78 |
| **308.354,36** | 337.221,90 | 109,36% | 28.867,54 |
| **311.737,36** | 358.451,90 | 114,99% | 46.714,54 |
| **328.170,81** | 349.618,30 | 106,54% | 21.447,49 |
| **330.527,96** | 289.944,30 | 87,72% | -40.583,66 |
| **381.186,09** | 249.739,80 | 65,52% | -131.446,29 |
| **396.662,36** | 175.246,70 | 44,18% | -221.415,66 |
| **435.507,07** | 147.255,30 | 33,81% | -288.251,77 |
| **4.446.116,15** | **3.167.777,50** | **71,25%** | **-1.278.338,65** |

Со тоа значително ќе се придонесе за искористување на сонцето како обновлив извор на енергија, значително ќе се влијае на намалувањето на емисијата на стакленички гасови и загадувањето на животната средина од една, и подобрување на животниот стандард на граѓаните на Општина Струмица.

Имајќи предвид дека целокупната произведена електрична енергија ќе биде наменета за

намалување на трошоците за работење на Пречистителната станица и дека од неа Општина Струмица и ЈПКД Комуналец нема да имаат никаков директен финансиски или комерцијален ефект, туку само ќе влијаат на подобрување на самоодрживоста на Објектот, сметаме дека врз основа на овој Документ, надлежните од Општина Струмица и ЈПКД Комуналец ќе имаат можност да се обратат до домашните и меѓународните финансиски институции кои функционираат во Република Северна Македнија со барање за финансиска поддршка во реализацијата на овој значаен Проект, на општ бенефите на сите чинители.

Истовремено, имајќи ја предвид количината на произведениот отпад – милта која се добива како продукт на прочистувањето на отпадни води, а која претставува значителен извор на енергија, која би се добила со за производство на биогас преку процес на анаеробна дигестија во метан-танкови, се отвара можност за инсталирање на капацитети за производство на електрична енергија од произведениот биогас.

### 8.2. Поставување на мали ФЕЦ на покривни конструкции на објекти

Заради проценка на можностите за искористување на Обновливите извори на енергија, а имајќи ја предвид **Стратешката цел 6:** Примена на концептот на Јавно Приватно Партнерство, Општина Струмица во 2023 година изработи "Физибилити студија за оправданоста за доделување на договор за јавно приватно партнерство за поставување и одржување на кровни фотоволтаици на објекти во сопственост на општина Струмица (во согласност со законот за концесии и јавно приватно партнерство)".

Студијата содржи правна, техничка и финансиско-економска анализа како и општи препораки добиени како резултат на спроведените анализи. Студијата содржи и препораки за нацрт договорот за јавно приватно партнерство.

Студијата предвидува поставување на вкупно 22 мали Фотоволтаични електрични централи на покривни конструкции на објекти под надлежност на општинската администрација. Поединечниот инсталиран капацитет на секоја од малите ФЕЦ не преминува 40kW, со што, согласно Правилникот за обновливи извори на енергија на Регулаторната Комисија за енергетика, сите енергетски објекти би добиле статус потрошувач-производител.

Во прилог е дадена листа на објекти на кој би се инсталирале мали ФЕЦ со поединечните инсталирани капацитети на секоја од нив:

**Табела 12: Капцитет на фотоволтаични централи кои би се поставиле на покривни конструкции**

| Објект | Локација | Капацитет kW |
|---|---|---|
| **Општинска Зграда** | Струмица | 40 |
| **Дом на АРМ** | Струмица | 20 |
| **ОМУ Боро Џони** | Струмица | 8 |
| **ОУ Маршал Тито** | Струмица | 20 |
| **ОУ Никола Вапцаров** | Струмица | 15 |
| **ОУ Видое Подгорец** | Струмица | 40 |
| **ОУ Сандо Масев** | с.Баница | 15 |
| **ОУ Гоце Делчев** | с.Вељуса | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| **ОУ Кирил и Методиј** | с.Дабиле | 8 |
| **ОУ Маршал Тито** | с.Муртино | 6 |
| **ОУ Даме Груев** | с.Куклиш | 6 |
| **ОУ Герас Цунев** | с.Просениково | 15 |
| **СОУ Јане Сандански** | Струмица | 30 |
| **СОУ Димитар Влахов** | Струмица | 15 |
| **Градинка Колезија** | Струмица | 40 |
| **Детска Градинка Парк** | Струмица | 15 |
| **Детска Градинка Вапцаров** | Струмица | 20 |
| **Детска Градинка Болница** | Струмица | 30 |
| **Детска Градинка Снежана** | Струмица | 6 |
| **Детска Градинка Виножито** | Струмица | 40 |
| **Библиотека Б.Ј.Мучето** | Струмица | 10 |
| **Противпожарна единица** | Струмица | 16 |
| | **Вкупно kW** | **435** |

По оптимизирање на ФЕЦ за секој објект се добива дека произведената електрична енергија е за 4% повисока од потребната електрична енергија за задоволување на потребите на објектите кои се предмет на разгледување. Енергијата произведена од ФЕЦ на крововите која директно ќе биде искористена од објектите, зависи од тоа како ќе се троши и кога ќе се троши електричната енергија. Во случајот од произведени 615 MWh директно се трошат 222 MWh, а останатите 392MWh се враќаат во мрежа. Но она што е важно е дека приближно иста количина се презема од мрежа 372 MWh.

Со тоа значително ќе се придонесе за искористување на сонцето како обновлив извор на енергија, значително ќе се влијае на намалувањето на емисијата на стакленички гасови и загадувањето на животната средина од една, и подобрување на животниот стандард на граѓаните на Општина Струмица.

### 8.3 Проширување и надградување на дистрибутивниот систем

Еден од проектите кој е во целосна согласност со **Стратешката цел 3**: Унапредување на инфрастуктурата за користење на природен гас, а на што Општина Струмица е посебно горда, како пионер во Република Северна Македонија, е секако и проширувањето и надградувањето на дистрибутивниот систем за природен гас.

За остварување на основната цел за која и е формирано Јавното претпријатие за енергетски дејности “СТРУМИЦА-ГАС” – Струмица и во наредните години ќе продолжи со развој на дистрибутивниот гасоводен систем, изградба на дистрибутивна гасоводна мрежа и приклучување на корисници, согласно претходно утврдена динамика.

Должината на дистрибутивната гасоводна мрежа која е досега изградена надминува 44.000 метри покрива голем дел од градот, односно ги покрива сите главни улици и булевари во Струмица, односно е изградена во сите урбани блокови во Струмица. Динамиката на приклучување на нови корисници на природен гас на дистрибутивната гасоводна мрежа не се одвиваше како што беше предвидено во физибилити студијата за гасификација на Струмица, на што влијаеа повеќе фактори низ

претходните години, а тука големо влијание имаше секако и светската енергетска криза поради која во 2023 година имавме само три нови приклучоци.

Според физибилити студијата за гасификација на општина Струмица вкупната потрошувачка на природен гас за индустриските субјекти во општина Струмица е 6.447 Nm³/h, од кои 4.097 Nm³/h е приклучен конзум во лето. Овие податоци се однесуваат на максималната потрошувачка на ПГ на час и во зависност од обемот на работните часови ќе се димензионираат дневната и годишната потреба. Пресметки за севкупната потрошувачка на ПГ за категоријата домаќинства покажуват дека истата во наредните 20 год. може да достине 34.757.205 Nm³, од кои 4.074.036 Nm³ во летниот период. Јавните институции, општински и државни, според инсталираните капацитети за греење и големината на просторот се предвидува да трошат годишно 509.330 Nm³.

Од причина што капацитеот на досега изградената дистрибутивна гасоводна мрежа е искористен во многу мал процент, односно е далеку од предвидувањата и пресметките дадени во физибилити студијата, во наредните години не се планира изградба на нови поголеми делници, односно поголемо проширување на истата, туку вниманието е насочено кон привлекување на нови корисници во тие делови каде што веќе има изградено дистрибутивна гасоводна мрежа.

Поради тоа во регулираниот период се предвидуват економско технички најоптимални решенија, како:

- изградба на нови приклучоци,
- изградба на мали делници кои се наоѓаат во непосредна близина на веќе постоечкиот цевковод за дистрибуција на природен гас заради реализација на нови приклучоци.
- Реконструкција на дел од мрежата заради приклучување на нови корисници

За таа цел Општина Струмица веќе втора година по ред исплаќа субвенции за потрошен природен гас во висина од 10 ден./m³, што ја прави цената на компримираниот природниот гас е пониска и поконкуретна во однос на другите енергенси.

Изградбата на дистрибутивна гасоводна мрежа за регулираниот период е планирана да се одвива со следната динамика:

**Табела 13: Проширување на дистрибутивна гасификациона мрежа**

| **година** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **должина** | 1.000 m | 1.000 m | 1.000 m | 2.000 m | 2.000 m | 7.000 m |

Со тоа на крајот на 2027 година вкупната должина на дистрибутивната гасоводна мрежа во општина Струмица ќе биде 51.000 m, што претставува покриеност на градот од околу 65%.

Во поглед на информатичките технологии во овој период се планирани инвестиции во поглед напроширување на параметрите кои ќе се следат и управуваат преку СКАДА системот. Планирана е изработка на нова веб страна и други нови софтверски решенија, преку која корисниците ќе можат да пристапат до свој профил каде ќе имат поголема прегледност на сопствената потрошувачка на природен гас, ќе можат да ја пријавуваат состојбата на своите мерила, преглед на испорачаните фактури и слично.

Секако овде останува инвестициите во нови мерно регулаторни сетови, набавка на нови

мерила, регулатори на притисок и останата опрема, како и повторна верификација на постоечките мерила на корисниците на природен гас.

Имајќи во предвид дека веќе десетта година функционираме како претпријатие кое врши дистрибуција на природен гас се јавува потреба од обновување и сервисирање на дел од опремата на декомпресорската станица. Па така во наредниот период планирани се инвестиции во поглед на сервисирање и замена на елементи и опрема на самата станица за декомпримирање на природен гас, како што се замена на филтри, вентили, сервисирање на регулатори, систем за топловодно греење, котли.

И она што секако е императив број 1 за Јавното Претпријатие Струмица-Гас, а влегува во ингеренциите на централната власт, е сигурно тенденцијата за проширување на преносната мрежа за природен гас на ниво на цела држава, со приоритет на Општина Струмица, со што би се искористиле максимално инсталираните капацитети, постојниот систем би се приклучил на државната преносна мрежа со што значително би се намалиле трошоците за транспорт, компресија и декомпресија, што директно ќе влијае на намалување на цената а со тоа и до подобрување на животниот стандард на граѓаните и заштита на животната средина.

### 8.3. Еколошки јавен превоз



Еден од проектите со кој се реализира **Стратешката цел 4**: Воведување целосно еколошки јавен превоз со електрич-ни автобуси, е секако формирањето на Јавното сообраќајно претпријатие Струмица - Транспорт.

Законски надлежности на ЈСП СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ Струмица се следните:

Претпријатието е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на јавниот превоз на патници и превоз на ученици и тоа:

- Планирање, изработка и следење на реализација на возниот ред во јавниот градски и приградски превоз на патници
- Планирање, изработка и следење на реализација на возен ред во општинските и подрачните основни училишта
- Продажба и дистрибуција на билети
- Следење и контрола на одвивање на јавниот превоз во градот
- Следење и контрола на одвивање на превозот на ученици до општинските и подрачните основни училишта
- Контрола на возниот персонал и патници
- Одржување на автобуските стојалишта во Општина Струмица.
- Инвестиционо и тековно одржување на автобуси и други моторни возила

Заради анализа на оправданоста од воведување на ваков начин на организирање на Јавен градски превоз, кој е прв и единствен ваков во Република Северна Македонија, извршени се опсежни анализи од страна на реномирани експерти од областа. Исовремено, спроведена е опсежна теренска

анкета со цел вклучување на граѓаните во носењето на одлуката.

Како резиме од анализата на податоците добиени од анкетираните испитаници во градот Струмица можат да се издвојат следните заклучоци:

- Воведувањето на јавен градски превоз во Струмица има висока подршка од граѓаните од преку 85,2%
- Воведувањето на јавен градски превоз во Струмица ќе допринесе кон подобрување на квалитетот на мобилноста и олеснување на проблемите на сообраќајот – преку 66,1%
- 23,7% од испитаниците очекуваат да го користат јавниот градски превоз секојдневно, 25,7% често и 34,6% повремено. Само 8,6% од испитаниците рекле дека нема да користат јавен градски превоз.

Во однос на целите на патување со користење на јавен градски превоз, приближно рамномерно се наведуваат сите цели наведени во анкетното ливче

- Најголем број на испитаниците би пешачеле до автобуско стојалиште на растојание до 200 м
- Испитаниците очекуваат јавниот градски превоз да биде ефтин во ценовна рамка до 20 до 30 ден.

Во продолжение е даден преглед на растојанија и оддалеченост на населените места во Општина Струмица (и дел од населени места од соседните Општини кои би биле опфатени со проекциите)

**Табела 14: Оддалеченост на населените места во општина Струмица од градот Струмица**

| Реден број | Населено место | Оддалеченост од Струмица (km) |
|---|---|---|
| 1 | Ангелци | 9,6 |
| 2 | Баница | 3,8 |
| 3 | Банско | 13,2 |
| 4 | Василево | 5,1 |
| 5 | Вељуса | 9,3 |
| 6 | Водоча | 4,8 |
| 7 | Габрово | 17,2 |
| 8 | Гр.Балдовци | 3,0 |
| 9 | Градашорци | 8,3 |
| 10 | Дабиље | 3,9 |
| 11 | Добрејци | 3,2 |
| 12 | Костурино | 12,3 |
| 13 | Куклиш | 4,1 |
| 14 | Муртино | 9,2 |
| 15 | Пиперево | 6,5 |
| 16 | Попчево | 11,4 |
| 17 | Просениково | 6,7 |
| 18 | Раборци | 8,4 |
| 19 | Рич | 19,8 |
| 20 | Робово | 6,3 |
| 21 | Сачево | 5,8 |
| 22 | Свидовица | 8,4 |

Овој Проект е веќе во фаза на реализација. Формирано е Јавното Сообраќајно Претпријатие, спроведена е набавка на првите 10 еколошки електрични автобуси, се работи на изработка на вертикалната и хоризонтална сообраќајна сигнализација, се подготвува нфраструктура за автобуските постројќи. Проектор е во пробна фаза и се очекува наскоро да почне да функционира, со што се очекува значително да влијае на намалување на емисиите на стакленички гасови од конвенционалните превозни средства и со тоа значително да придонесе за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух и животната средина воопшто.

Се предвидува градскиот сообраќај да се одвива по неколку дефинирани рути, прикажанаи во продолжение:



Општина Струмица воведе јаван транспорт за прв пат пред скоро три месеци и сеуште е во пробен период , немаме релевантни податоци за изминати километри инаку како енергенс се користи само електрична струја за полнење на батериите и не произведуват односно испуштат јагледорен диоксид.

Општина Струмица располага со 10 автобуси од типот ISUZI NOVOCITI VOLT со година на производство 2024 година со следниве технички карактеристики дадени во табелата

| | |
|---|---|
| Категорија на возило | M3 |
| Капацитет на патници | 21 седиште + 4 склопливи седишта + 22 позиции за стоење + возач |
| Димензии | (мм) |
| Должина | 7957-8010 |
| Широчина | 2463 |
| Висина | 3250 |
| Меѓуоскино растојание | 4259 |
| Тежински параметри | (кг) |
| Бруто маса на возилото | 11600 |
| Мотор | |
| Тип | електричен |
| Моќност на мотор (KW) | 270 |
| Вртежен момент (Nm) | 2500 |
| Електричен систем | |
| Работен напон (V) | 600 |
| Капацитет на батерија (kWh) | 268 |
| Поставеност на батерија | на дел од покривот од автобусот |
| Опсег – range (km) | 350 |
| Полнење | Брзо полнење (DC 150KW) – макс. 2,5 часа<br>Нормално полнење (AC 22 KW) – макс. 12 часа |
| Гаранција на капацитет на батерија | 8 години |
| Трансмисија | |
| Модел | Automatic – Direct Drive |
| Опрема (системи) | |
| ESC/ESP | стандардно |
| ABS / ASR / EBS | стандардно |
| BSB / EBD | стандардно |
| Клима уред | стандардно дигитална |
| Магленки | стандардно |
| Сигнализација при враќање назад (бипер) | стандардно |
| Дневни светла | стандардно |
| Ограничувач на брзината | стандардно |
| Тахограф | стандардно |
| Сопирање | |
| Напред / назад | Дискови / дискови |
| Пневматици | 245/70R17 |
| Суспензија | |
| Напред / позади | Воздушна суспензија со два јастука и два хидраулични амортизери - напред и позади |
| Врати | |
| Напред / назад | Единечна пневматска предна врата<br>Дупла пневматска задна врата |

**Возен парк на Општина Струмица**

Општина Струмица за своите потреби и завршување на различни активности располага со следниот возен парк. Во возниот парк на општина спаѓаат и возилата на територијалната против пожарна единица Струмица .

Листа на возила општина Струмица располага со :

-6 патнички возила-Шкода октавија,Фиат панда, Голф 5, Лада Нива – две, транспортно комбе рено трафик за превоз на лица со посебни потреби

- 5 возила специјал и едно техничко имаме и две автоцистерни

- два кавалери на електрична енергија

Согласно тендерската постапка за гorивоОпштина Струмица е набавила денари за еуро супер и дизел во вредност од 2.076.271, додека податоци за изминати километри службите одговорни за оваа работа не водат евиденција.

## 8.4. Подобрување на перформансите на уличното осветлување

Согласно анализите за порошувачка на електрична енергија во Општина Струмица, како сектор – најголем потрошувач се покажува Јавното осветление со дури 38% од вкупната потрошена електрична енергија. Оттука, **Стратешката цел 2**: Подобрување на перформансите на уличното осветление се поставува како највисок приоритет во реализација на Програмата за енергетска ефикасност.

Процесот на замена на конвенционалните светилки со енергетски ефикасни е активен во континуитет. Како крајна цел се поставува потполна замена на сите светлински извори со еколошки и енергетски ефикасни и штедливи сијалици.

За целосна реализација на овој проект, во прилог се дадени табели со енергетска и техно-економска анализа за замена на сите живини со штетдливи светилки:

**Табела 15: Енергетска и економска анализа-замена на живини со штедливи светилки**

| | | Сегашно решение | Ново решение |
|---|---|---|---|
| Број на инсталирани светилки | броја | 2.952 | 2.952 |
| Вкупна инсталирана снага | kWh | 500,95 | 288,54 |
| Годишна потрошувачка на електрична енергијаkWh | kWh | 2.011.314,3 | 1.158.488,1 |
| Заштеда на електрична енергија со новото решени на годишно ниво | kWh | | 52.826,2 |
| Заштеда на електрична енергија со примена на новото решение % | % | | 42,4 |
| 1ЕУР = | Денари | 61,5 | 61,5 |
| Вкупен годишен износ на електрична енергија | Денари | 8.186.049,00 | 4.715.046,50 |
| | ЕУР | 133.106 | 76.667,42 |
| Вкупен годишен износ на одржување на уличното осветлување (раб. рака + материјал) | Денари | 6.256.317,00 | 3.128.159,00 |
| | ЕУР | 101.729 | 50.864 |
| Намален износ на електрична енергија | Денари | | 3.471.002,50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| со примена на годишно ниво | ЕУР | | 56.439 |
| Трошоци на инвестиција – светлосен уред(сијалица) | Денари | | 12.766.775, 00 |
| | ЕУР | | 207.590 |
| Трошоци на инвестиција - работна рака | Денари | | 6.494.400,00 |
| | ЕУР | | 105.600 |
| Трошоци на инвестиција - Вкупно | Денари | | 19.261.175 |
| | ЕУР | | 313.190 |
| Период на отплата на инвестицијата 19261175/6599160(3.471.002+3.128158) | | | 2.91 години со заштеда на електрична енергија + трошоци за одржување |

**Табела 16: Инсталирана снага и потрошувачка на електрична енергија на годишно ниво**

| Тип на изворот | Снага на изворот W | Снага на изворот + претспојни уред KW | Инсталиран број на изворот | Инсталирана сила KW |
|---|---|---|---|---|
| Жива | 125 | 0,138 | 2.605 | 359,49 |
| Жива | 250 | 0,275 | 68 | 18,7 |
| Жива | 400 | 0,44 | 279 | 122,76 |
| Вкупно инсталирана снага на постоечко решение | | | 2.952 | 500,95 |
| Годишен број на часови на потрошувачка | | | | 4.015 |
| Годишна потрошена електрична енергија kWh | | | | 2.011.314,3 |
| Цена на електричната енергија(МКД/kWh) | | | | 4,07 |
| 1ЕУР = (МКД) | | 61,5 | | 61,5 |
| Цена на електричната енергија(ЕУР/kWh) | | | | 0,066 |
| Вкупен годишен износ на електрична енергија (МКД) | | | | 8.186.049,00 |
| Вкупен годишен износ на електрична енергија (ЕУР) | | | | 133.106 |
| Натриум | 70 | 0,077 | 2.605 | 200,59 |
| Натриум | 150 | 0,165 | 68 | 11,22 |
| Натриум | 250 | 0,275 | 279 | 76,725 |
| Вкупно инсталирина снага на ново решение | | | 2.952 | 288,54 |
| Годишен број на часови на потрошувачка | | | | 4.015 |
| Годишна потрошена електрична енергија kWh | | | | 1.158.488,1 |
| Цена на електричната енергија(МКД/kWh) | | | | 4,07 |
| 1ЕУР = (МКД) | | 61,5 | | 61,5 |
| Цена на електричната енергија(ЕУР/kWh) | | | | 0,066 |
| Вкупен годишен износ на електрична енергија (МКД) | | | | 4.715.046,6 |
| Вкупен годишен износ на електрична енергија (ЕУР) | | | | 76.667,42 |
| | | | | |
| Заштеда на ел. енергија kWh | | | | 852.826,2 |
| Заштеда на ел. енергија-(МКД) | | | | 3.471.002,00 |
| Заштеда на ел. енергија-(ЕУР) | | | | 56.439 |

Бр.08-1767/1
26.05.2025 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател
Марјан Даскаловски

**151.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Деловникот на Советот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 2/06 и 10/07), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**Решение**
**за верификација на мандат на член на Советот на општина Струмица**

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот на општина Струмица – Љубица Покрајчева, за преостанатиот дел од мандатот на Тања Дедејска, сметано од 23.05.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3768/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**152.**

Врз основа на член 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување на вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта – Струмица“ Струмица**

1.Од функцијата член на Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица се разрешуваат Славица Митева и Идрис Идризов поради истек на мандат.

2.За вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица се именуваат Лазар Костуранов и Глигор Чукарски.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3769/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**153.**

Врз основа на член 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**Решение**
**за разрешување и именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈП „Паркиралишта – Струмица“ Струмица**

1.Од функцијата член на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица се разрешува Лазар Костуранов, поради истек на мандат.

2.За вршител на должност член на Надзорниот одбор за материјално - финансиско работење на ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица се именува Славица Митева

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3770/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**154.**

Врз основа на член 183 став 3 и 5 од Законот за социјалната заштита („Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за предлагање член во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица од Општина Струмица се предлага:

- Петар Аризанов, дипломиран правник - вработен во Општина Струмица како Советник за односи со граѓаните.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3771/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 155.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр. 01-765/1 од 12.05.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3772/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 156.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Годишен извештај за работата на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**

1.Се дава согласност на Годишниот извештај за работата на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр. 01-252/1 од 15.05.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3773/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 157.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа

(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД„Комуналец“ Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**

1. Се дава согласност на Извештајот за работа на ЈПКД„Комуналец“ Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр. 01-3009/2 од 16.05.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3774/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 158.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**

1. Се дава согласност на Извештајот за работата на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, бр.03-251/1 од 12.05.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-3775/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 159.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работа на ЈСП „СТРУМИЦА - ТРАНСПОРТ“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година**

1.Се дава согласност на ЈСП „СТРУМИЦА - ТРАНСПОРТ“ – Струмица за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, усвоен од Управниот одбор на ЈСП „Струмица-Транспорт“ Струмица со Одлука бр.01-138/1 од 14.05.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-3776/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 160.

Врз основа на член 32 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21, 174/21 и 241/24), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година бр.03-76/4 од 03.04.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-3777/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 161.

Врз основа на член 20-б став 1 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 ,16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.05.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Герас Цунев“ – Просениково**

1.Се дава согласност Измената на Годишен план за вработување на ООУ „Герас Цунев“ – Просениково, бр. 04-151/1 од 08.05.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3778/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 162.

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седница одржана на 23.05.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за прв квартал од 2025 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за прв квартал од 2025 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Кварталниот извештај составен на образец К1, К2 и К3.

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-3779/1 Совет на општина Струмица
26.05.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..